**20221161557**

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ

Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија” бр. 58/00, 44/02, 82/08, 167/10 и 51/11 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 96/19 и 110/19), а во врска со член 5-б од Законот за детективската дејност („Службен весник на Република Македонија“ бр. 80/99, 66/07, 86/08, 51/11, 164/13, 148/15, 193/15 и 55/16), министерот за внатрешни работи донесе

## ПРАВИЛНИК ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА НАЧИНОТ НА БОДУВАЊЕ НА ОДГОВОРИТЕ НА ПРАШАЊАТА ОД СТРУЧНИОТ ИСПИТ ЗА ВРШЕЊЕ НА ДЕТЕКТИВСКАТА ДЕЈНОСТ

Член 1

Во Правилникот за начинот на бодување на одговорите на прашањата од стручниот испит за вршење на детективската дејност („Службен весник на Република Македонија“ бр. 145/14), во член 3 во ставот (2) зборовите „70 поени“ се заменуваат со зборовите „70% точни одговори“.

Во ставот (3) зборовите „70 поени“ се заменуваат со зборовите „70% точни одговори“, а бројот „5“ се заменува со зборот „шест“.

Во ставот (5) зборот „испитот“ се заменува со зборот „испит“.

Член 2

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 13.1.1-50275/1
11 мај 2020 година
Скопје

Министер
за внатрешни работи,
**Оливер Спасовски,** с.р.